Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи
Бр.04-378/1
20-09-2019 година
Скопје

Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15 и 35/18), а во врска со член 63-а, 63-б и 64 од Законот за надворешни работи (“Службен весник на Република Македонија” бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за надворешни работи бр.01-37777/1 од 14.12.2018 година, Министерството за надворешни работи објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2019
## за пополнување на работно место со унапредување

Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија објавува Интерен оглас за унапредување на 1 помошно – стручен административен службеник, за следното работно места:

1. ДИП0101Г01001 **Самостоен референт за административни работи**, Одделение за дипломатски архив, Сектор за аналитичко истражување и стратешко планирање – 1 (еден) извршител;

   I.Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

   Посебни услови:
- Ниво на стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку више или средно образование
- Најмалку 3 години работно искуство во струката
- да не е член на орган на политичка партија на републичко ниво

   Посебни компетенции:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

   II. Паричен износ на основната нето плата за работното место: 16,172.000 денари

   На интерниот оглас може да се пријави административен службеник вработен во Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници, Законот за надворешни работи и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за надворешни работи, како и да ги исполнува следните услови:

- Да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Напомена: Во однос на безбедносните сертификати односно степенот на доверливост, доколку за работното место за кое се конкурира согласно актот за систематизација на Министерството за надворешни работи се бара степен на доверливост повисок од оној кој кандидатот моментално го поседува, постапката за издавање на нов сертификат ќе се отпочне по извршениот избор.
Доколку за избраниот кандидат не се издаде соодветен безбедносен сертификат, кандидатот ќе се врати на работното место кое претходно го имал.

Распоредот на работното време за сите работни места е 40 часа седмично, од понеделник до петок, и тоа секој работен ден од 07:30/08:30 часот до 15:30/16:30 часот.

Рокот за поднесување на пријавите со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на официјалната интернет страната на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија.

Пополнетата пријава/образец и доказите за податоците содржани во образецот, кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Министерството за надворешни работи и до службената електронска адреса на Секторот за управување со човечки ресурси sucr@mfa.gov.mk

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава/образец, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**МИНИСТЕР**
**Никола Димитров**

Изработил:ААлијевски
Контролирал: НО С.Ганија
Согласен: ПД БССтефановска
Одобрил: Дир. Б.Дамјанов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
СКОПЈЕ